## ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ

**Час:** 5
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 3 - програма за мултимедијални презентации
**Наставна содржина:** Додавање графички објекти на слајд
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да се оспособи за додавање и уредување графички објект во слајд од мултимедијална презентација
**Очекувани резултати:** Додава и уредува графички објект во слајд од мултимедијална презентација
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка, индивидуална и работа во парови
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, вметнува слика

## ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ

**Воведна активност:** Водиме дискусија за наученото од минатиот час со прашањата:

- Од што се состои презентацијата?
- Што означува зборот „мултимедијална“?
- Како се вика програмата за креирање мултимедијални презентации?
- Што работевме минатиот час? (менувавме: формат на текст, големина и позиција на рамка со текст, распоред на елементи во слајдот, дизајн на слајд и распоред на слајдовите во презентацијата).

На овој час, како и минатата учебна година, ќе додадеме слики во презентацијата.
**Учечко – поучувачки активности:** На овој час, ќе ги искористиме истите датотеки со слики за знамињата на соседите на РМ. Слика во презентацијата може да вметнеме на три начини:
ПРВ НАЧИН: Со двоен лев клик врз полето за слика се отвора дијалог – прозорецот за внесување слика. Се бира локацијата и името на сликата што сакаме да ја внесеме.
ВТОР НАЧИН: Се клика она место каде што сакаме да вметнеме слика и се бира Вметнување – Слика, по што се отвора дијалог – прозорецот за внесување слика.
ТРЕТ НАЧИН: Се клика она место каде што сакаме да вметнеме слика и во алатникот за цртање се клика иконата за внесување слика , по што се отвора дијалог – прозорот за внесување слика.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Во парови изработуваат презентација, на еден од претходно опишаните начини, се вметнува слика со знамето на државата во полето за слика. Можен резултатот од активноста е прикажан на сликата десно.




**Активности за евалуација:** Кои јазичиња ги има во панелот за задачи и кои јазичиња ги употребивме досега? (Оригинали и Распореди).

obrazovanie.literatura.mk